Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација
на работните места во Министерството за финансии

Скопје, декември 2019 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ 143/19), министерот за финансии, донесува

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година, број 01-7191/18 од 23.11.2015 година, број 01-496/1 од 13.01.2016 година, број 01-496/4 од 04.08.2016 година, број 01-496/6 од 29.08.2016 година, број 01-7726/1 од 03.08.2017 година, број 01-6174/1 од 21.05.2018 година, број 01-6174/2 од 20.06.2018 година и број 01-6174/5 од 05.12.2018 година и тоа:

### Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **2.Сектор за трезор**, во потточка **2.3. Одделение за извршување на буџетите**, во работното место со реден број „66. Помлад соработник за исплата на буџетски корисници, фондови и единици на локална самоуправа“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „3“.

Во потточка **2.7. Одделение за регионално трезорско работење**, во работното место со реден број „88. Советник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии“, во делот Број на извршители бројот „4“ се заменува со бројот „5“, а зборовите „Охрид - 1“ се заменуваат со зборовите „ Охрид - 2“.

Во потточка **2.7. Одделение за регионално трезорско работење**, во работното место со реден број „91. Самостоен референт за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии“, во делот Број на извршители бројот „34“ се заменува со бројот „31“, а зборовите „Скопје-14“ се заменуваат со зборовите „Скопје-11“.

### Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **5. Сектор за централно финансирање и склучување на договори**, во потточка **5.1. Одделение за контрола и општи работи**, во работното место со реден број „147. Советник за контрола на квалитетот“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во потточка 5.1. **Одделение за контрола и општи работи**, во работното место со реден број „156. Помлад соработник за административни работи“, во делот Број на извршители бројот „3“ се заменува со бројот „1“.

Во потточка 5.2. **Одделение за финансиски работи**, во работното место со реден број „162. Помлад соработник за децентрализирано финансиско спроведување на проектите финансирани од ИПА“, во делот Број на извршители бројот „5“ се заменува со бројот „2“.

Во потточка 5.3. **Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори**, во работното место со реден број „163. Раководител на одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори“,во делот Вид на образование по зборот „(менаџмент)“ се додава запирка и се додаваат зборовите „наука за книжевност“.

Во потточка 5.3. **Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори**, во работното место со реден број „164. Советник за децентрализирано спроведување на проекти финансирани од ИПА за договори за услуги, набавки, грантови, твининг“, во делот Број на извршители бројот „3“ се заменува со бројот „5“.

Во потточка 5.3. **Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори**, во работното место со реден број „171. Помлад соработник за децентрализирано спроведување на проекти финансирани од ИПА“, во делот Број на извршители бројот „7“ се заменува со бројот „3“.

Во потточка 5.4. **Одделение за следење на програми**, во работното место со реден број „173. Советник за следење на програми за договорите за услуги/набавки/грантови/твининг“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во потточка 5.4. **Одделение за следење на програми**, во работното место со реден број „178. Помлад соработник за следење на програми за договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“ и во делот Вид на образование по зборот „машинство“ се додава запирка и се додаваат зборовите „животна средина“.

Во потточка 5.4. **Одделение за следење на програми**, во работното место со реден број „180. Помлад соработник за следење на програми за договорите за услуги/набавки/грантови/твининг со посебен акцент на секторот образование“, во делот Број на извршители бројот „3“ се заменува со бројот „2“.

Член 4

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **9.Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола**, во потточка 9.1. **Одделение за хармонизација на внатрешната ревизија**, во работното место со реден број „269. Помлад соработник за хармонизација на внатрешната ревизија во субјектите на централната власт и во единиците на локалната самоуправа“, во делот Број на извршители бројот „4“ се заменува со бројот „3“.

Во потточка 9.1. **Одделение за хармонизација на внатрешната ревизија**, по работното место со реден број „269. Помлад соработник за хармонизација на внатрешната ревизија во субјектите на централната власт и во единиците на локалната самоуправа“, се додава ново работно место со реден број „269-а Самостоен референт за административно - технички работи“ кое гласи:

| 9.Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола | |
|---|---|
| 9.1. Одделение за хармонизација на внатрешната ревизија | |
| Реден број | 269-а |
| Шифра | УПР0101Г01000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | Самостоен референт за административно - технички работи |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |
| Вид на образование | IV степен средно образование - гимназија или VI степен |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | самостојно врши административно-технички работи за потребите на одделението |
| Работни задачи и обврски | – самостојно врши административно-технички и други работи за потребите на Одделението и Секторот;<br>– самостојно изработува табеларни прегледи за работи од надлежност на одделението и Секторот и врши ажурирање на податоците во табеларните прегледи;<br>– самостојно прибира податоци од останатите сектори и одделенија во министерството, потребни за извршување на работи од делокругот на работата на Сектор;<br>– самостојно врши техничка обработка на материјалите и податоците кои се потребни за збирните извештаи за системот на јавната внатрешна финансиска контрола што се изготвуваат во Секторот;<br>– врши испраќање и архивирање на актите и други материјали изготвени во Одделението и Секторот. |

Член 5

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **12. Сектор за правни работи**, во потточка **12.1. Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки**, работното место со реден број „322. Помлад референт-писар“, се брише.

Во потточка **12.2 Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и односи со јавност**, во работното место со реден број „324. Раководител на одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер “, во делот Вид на образование по зборот „правни науки“ се додаваат зборовите „политички науки“.

Во потточка 12.3. **Одделение за набавки**, во работното место со реден број „330. Советник за јавни набавки“, во делот Број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Во потточка 12.3. **Одделение за набавки**, по работното место со реден број „330. Советник за јавни набавки“, се додава ново работно место со реден број „330-а. Советник за преведување на документи од областа на јавните набавки“ кое гласи:

| | |
|---|---|
| 12. Сектор за правни работи | |
| 12.3 Одделение за набавки | |
| Реден број | 330-а |
| Шифра | УПР0101В01000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Советник за преведување на документи од областа на јавните набавки |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на Одделение |
| Вид на образование | наука за книжевноста |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | самостојно ги врши работите и задачите што се однесуваат на преведување на документи од областа на јавните набавки од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик |
| Работни задачи и обврски | – самостојно ги врши работите и задачите што се однесуваат на преведување на документи од областа на јавните набавки од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик;<br>– преведува анализи, информации и други материјали за комисиите за јавните набавки;<br>– ги преведува писмата и другата кореспонденција со странките во јавните набавки;<br>– врши преведување на дописи и кореспонденција од делокругот на работата на одделението;<br>– ги следи и применува прописите од областа во која што работи. |

Во потточка 12.3. **Одделение за набавки**, во работното место со реден број „333. Помлад соработник за јавни набавки“ во делот Број на извршители бројот „4“ се заменува со бројот „2“.

Во потточка 12.4. **Одделение за општи работи**, во работното место со реден број „343. Хигиеничар“ во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во потточка 12.4. **Одделение за општи работи**, во работното место со реден број „345. Работник на приемен пулт“ во делот Број на извршители бројот „4“ се заменува со бројот „3“.

Во потточка 12.6. **Одделение за управување со човечки ресурси**, во работното место со реден број „353-в. Виш соработник за стручно оспособување и усовршување и оценување“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Член 6

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **14. Сектор за финансиски прашања**, во потточка **14.1.Одделение за сметководство и плаќање**, работното место со реден број „388. Самостоен референт-сметководител“, во делот Број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

Во потточка **14.1.Одделение за сметководство и плаќање**, по работното место со реден број „392. Виш референт - благајник“, се додава ново работно место со реден број „392-а. Помлад референт - сметководител“ кое гласи:

| | |
|---|---|
| **14. Сектор за финансиски прашања** | |
| **14.1.Одделение за сметководство и плаќање** | |
| **Реден број** | 392-а |
| **Шифра** | УПР0101Г04000 |
| **Ниво** | Г4 |
| **Звање** | Помлад референт |
| **Назив на работно место** | Помлад референт - сметководител |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделение |
| **Вид на образование** | IV степен средно образование - гимназија или VI степен |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | помага во финансиското сметководство, материјалното сметководство, книгата на основни средства и средствата за заедничка потрошувачка |
| **Работни задачи и обврски** | – помага во книжење на сметководствените исправи во дневник, главна книга и помошни книги;<br>– помага во финансиското сметководство, материјалното сметководство и книгата на основните средства;<br>– помага во пресметување на амортизацијата и ревалоризацијата и ги книжи во материјалното сметководство;<br>– помага во усогласување на синтетичката со аналитичката евиденција;<br>– помага во усогласување на финансиското со материјалното сметководство;<br>– учествува во изготвувањето на финансискиот план, периодичните извештаи и годишната сметка на Министерството;<br>– ги потврдува изводите на отворени ставки за ненамирените обврски спрема доверителите. |

Член 7

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во делот САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка **1. Одделение за стратешко планирање**, во работното место со реден број „428 Раководител на одделение за стратешко планирање", во делот Вид на образование по зборовите „економски науки" се додава запирка и се додаваат зборовите „образование".

Во точка **1. Одделение за стратешко планирање**, во работното место со реден број „429 Советник за планирање на секторски програми на министерството", во делот Вид на образование по зборовите „економски науки" се додава запирка и се додаваат зборовите „образование".

Во точка **1. Одделение за стратешко планирање**, во работното место со реден број „430 Советник за мониторинг и евалуација на стратешки планови", во делот Вид на образование по зборовите „економски науки" се додава запирка и се додаваат зборовите „одбрана".

Во точка **1. Одделение за стратешко планирање**, по работното место со реден број „430 Советник за мониторинг и евалуација на стратешки планови", се додава ново работно место со реден број „430-а. Самостоен референт за размена на информативни материјали за политиките на министерството и органите во состав " кое гласи:

| 2. Одделение за стратешко планирање | |
|---|---|
| Реден број | 430-а |
| Шифра | УПР0101Г01000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | Самостоен референт за размена на информативни материјали за политиките на министерството и органите во состав |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |
| Вид на образование | IV степен средно образование - гимназија или VI степен |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | самостојно врши административно - логистички и технички работи во функција на координирана, брза и ефикасна размена на потребни информации при подготовка на старетшките документи. |
| Работни задачи и обврски | – самостојно прибира материјали, документи и извештаи за анализа на постигнувањата во областите од надлежност на министерството;<br>– самостојно врши административно-техничка активност при подготовка на секторски програми, подпрограми и проекти;<br>– ги следи измените на регулативите во областите од надлежност на министерството;<br>– самостојно врши административно технички активности за координирање на работата на |

| | |
|---|---|
| | работните групи;<br>– самостојно обезбедува технички, просторни услови потребни за работата на работните групи за подготовка на хоризонталните програми;<br>– самостојно прави компаративни анализи на реализирани активности во рамки на среднорочен план;<br>– самостојно прави техничка подготовка на извештаи за спроведени анализи, подготовка на програми и нивна имплементација. |

Во точка 1. Одделение за стратешко планирање, во работното место со реден број „431 Помлад референт за размена на информативни материјали за политиките на министерството и органите во состав", во делот Број на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1".

Член 8

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во делот ПРОЕКТНИ ЕДИНИЦИ, во точка **1.Проектни единици во министерството за финансии** во потточка 1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР, во работното место со реден број „696 Советник за следење на договорите во рамки на ОПРЧР", во делот Број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во потточка 1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР, во работното место со реден број „697 Советник за финансиска имплементација на ОПРЧР", во делот Број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во потточка 1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР, во работното место со реден број „698 Советник за ЕУ јавни набавки за склучување на договори во рамки на ОПРЧР", во делот Број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во потточка 1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР, во работното место со реден број „699 Советник за контрола на квалитетот", во делот Број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во потточка 1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР, во работното место со реден број „699-б. Соработник за финансиска имплементација на ОПРЧР ", во делот Број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Член 9

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-10930/2
12.-12-.2019 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
д-р. Нина Анголовска

Изработил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Согласен: Татјана Васева
Проверил: м-р Татјана Трајковска
Тања Танеска Лазаревска
Ирена Василеска Шалевиќ
Одобрил: Јулијана Петановска